# НОВА ИСКРА

## МАРКСИСТИЧКИ ГЛАС НА РАБОТНИЦИТЕ И МЛАДИНАТА

Година II - број 5 || СЕПТЕМВРИ 2022 || ©издава Марксистичка организација „Црвени“

СОЛИДАРНА ЦЕНА 50 ДЕНАРИ



# СТАГФЛАЦИЈА И БОРБА: НОВА ЕРА НА КАПИТАЛИЗМОТ

## ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

марксистичко списание за работници и младина

**Издава:**

Марксистичка организација „Црвени“

**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page
075/520-508 075/629-809

http://novaiskra.mk/

# СОДРЖИНА

ДО НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ 4

ИНФЛАЦИЈА НА ЦЕНИТЕ И РАСТОТ НА ПЛАТИТЕ 5

ИНТЕРНАЦИОНАЛИСТИЧКО И КОМУНИСТИЧКО „НЕ“ НА ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ 10

КРИЗА, ПРОТЕКЦИОНИЗАМ И ИНФЛАЦИЈА: ВОЈНАТА ГО ПОДГОТВУВА ПАТОТ ЗА РЕВОЛУЦИЈА 16

## ДО НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ

По долгиот развоен пат на Нова искра, од веб сајт и електронско списание, сметаме дека ова прво печатено издание ќе допре повеќе до младината и работниците желни да се запознаат со марксизмот, но истовремено и да го поддржат ширењето на идеи спротивни на владејачките. Зад ова издание стои Марксистичката организација Црвени, која ги организира комунистите од просторот на Југославија и која има ограноци низ нејзините поранешни републики.

Првото печатено издание на Нова искра го посветуваме на најгорливите проблеми моментално на светско и локално ниво. Веќе силно се чувствуваат последиците од отворената војна во Украина, во форма на инфлација која им нанесува нов удар на и онака кревките и ранливи капиталистички економии низ светот со дополнителна закана од нова рецесија. Како и секогаш, позади проблемите со инфлацијата стојат капиталистите и нивните вечни обиди да ги одржуваат нивните стапки на профит. Се разбира, овие ценовни шокови стануваат дел и од нашето секојдневие и сведоци сме на постојано зголемување на цените, најмногу изразено во прехранбените производи и разните енергенси, огрев. Од друга страна, државата е соочена со нова препрека за влез во ЕУ во форма на барањата на соседна Бугарија – предводена од свои националистички побуди - поврзани со македонскиот јазик, ревидирање на историјата, дури и барање за промени во наставните програми и материјали како резултат на ревизиите. Ова служи за подгревање на реакционерните и националистички страсти и опортунизам, кои во отсуство на организирано работничко движење, се единствените сили кои може да земат замав.

Како марксисти ние сме против империјалистичките војни, вклучувајќи ја и војната во Украина, воеността профитерство кое следи од таму во форма на покачени цени, обидите на бугарската влада да ја промени историјата, но и болната потреба на нашата влада да ја оствари нивната политика на „ЕУ по секоја цена". Работничката класа мора да се организира со цел да добие глас во решавањето на овие проблеми, бидејќи во спротивно, тие ќе бидат решени на начин што работниците ќе ги сносат најтешките последици.

Во ова издание следат текстови во кои се пишува за инфлацијата како последица на самиот капитализам, дополнето со војната во Украина, како и нејзината појава како феномен навидум поврзан со порастот на платите. Исто така следи текст во кој се дискутира за влезот на Македонија во ЕУ и НАТО како приоритети од независноста до денес и односите помеѓу Македонија и Бугарија од Втората светска војна па наваму, како и осврт на т.н. „француски предлог" и кои би биле последиците од истиот.

Доколку се сложувате со нашите идеи, не седете сами, не очајувајте и немојте да паѓате во цинизам. Дојдете заедно со нас да изградиме комунистичка сила што ќе го зајакне работничкото движење што ќе бара алтернатива на политичкиот, економскиот и општествен систем.

***септември 2022, Александар Јанковски***

## ИНФЛАЦИЈА НА ЦЕНИТЕ И РАСТОТ НА ПЛАТИТЕ

*Темата инфлација е присутна почесто во јавноста, иако не се анализираат причините, а мерките за справување со неа се извлекуваат како од магична вреќа, кои ионака не функционирале добро во минатото. Инфлација најпросто дефинирано е зголемување на цените на добрата и услугите. Во некои стари економски учебници инфлацијата се одредува во однос на причините, девалвирање на валутата, па така тоа се „високи цени предизвикани од прекумерно издавање на неконвертибилни банкноти“, но современите економисти претпочитаат одредување на инфлацијата според последиците.*



Едно од нивните разбирање е преку лостот на туркање и повлекување (на англиски cost-push and demand-pull inflation), туркањето нагоре од трошоците и платите, што ги зголемува цените, и преку повлекувањето надолу од побарувачката, обично зголемена кога расте економијата и луѓето имаат повеќе пари за купување, со ист ефект. Оваа детска клацкалка е срцевината на нивната политичка економија.

Општиот раст на цените да не ги предизвикаше девалвацијата на валутата, нејзините симптоми на „трошоци и побарувачка“ немаше ни да постојат, што не значи дека индивидуалните или општите зголемувања на цени не можат да се случат од други причини. Во Британија од 19 век немаше девалвација на валутата, па немаше ни инфлација, иако имаше флуктуација на некои цени. Свесната политика на буржоаската власт во тој период е да се избегне инфлација, а тоа воопшто не го запре растот на производството и платите.

Владејачките теории за инфлацијата се покажуваат како погрешни во практиката, па одговорот што го даваат економистите, монетаристи или кејнзијанци, за вистинските причини за растот на цените на добрата и услугите се незадоволителни. Причината за нивниот неуспех е во тоа што нивните модели не се засноваат на законот на вредноста односно трудовата теорија на вредноста според кој се управува капиталистичкиот начин на производство.

Она што Маркс го поставува во своите дела е дека цените на производите се образуваат од вредноста што ја имаат. Вредноста е одредена со општествено неопходното работно време содржана со „живиот“ труд на работникот и „мртвиот“ труд вграден во суровините и машините и алатите што се потребни за создавање на стоката. Побарувачката и понудата предизвикуваат движење на цените околу рамнотежата

определена со вредноста на стоката. Затоа цената не е еквивалентна на вредноста. Ако цената на стоката порасне над својата вредност, тогаш инвеститорите ќе влеат капитал во тој индустриски сектор се додека не се достигне рамнотежата. Слично, ако цената падне под неговата вредност, капиталот ќе се повлече и пренасочи кон друг сектор, со тоа се намалува понудата на оваа стока на пазарот и со тоа се зголемува цената. Оваа врска помеѓу цената и вредноста е признаена и од буржоаските економисти.

Пумпањето на пари како банкноти или монети во една економија според тоа ќе ја следи промена на цените, а намерното менување на приливот на банкноти нема да успее да ја открие суштината на инфлацијата на цените.

**Што се крие зад митот и обвинувањата против растот на работничките плати?**

Во списот „Надница, цена и профит" Маркс се расправа за тоа дали зголемувањето на платите би предизвикале инфлација: „борбата за раст на платите следи само од претходниот след на промени и е неопходно чедо на претходните промени во количината на производство, производствените сили на трудот, трудовата вредност, вредноста на парите, дострелот или интензивноста на издвоениот труд, флуктуациите на пазарните цени што се зависни од флуктуациите на понудата и побарувачката и согласни со различните фази на индустрискиот циклус; со еден збор, како реакција на трудот наспроти претходната активност на капиталот."

И Маркс се обраќа кон синдикалецот што вели дека растот на платите е причина за инфлација со зборовите: „Со третирање на борбата за раст на платите независно од сите овие околности, со увид само на промената на платите и со затворање очи за сите други промени од коишто тие потекнуваат, тргнувате од погрешна премиса со цел да стигнете на погрешен заклучок." И на крај, заклучува „Општиот раст на висината на надниците ќе значи пад на општата стапка на профит, но нема да влијае на пораст на цените на стоките."

Она што Маркс го открива во своето творештво е и посебниот вид на стока што го поседуваат работниците - нивната работна сила т.е способноста за труд за одреден временски период, а и дека оваа работна сила има вредност, која што е определена од општествено потребното работно време за да се произведе стоката. Со други зборови, вредност на работната сила е определена од вредноста на храната, облеката, домувањето, здравството, образованието итн. што се потребни за да се одржи во живот просечниот работник и нејзиното/неговото семејство. Оттука, платите се цена на работната сила, што исто така варира од понудата и побарувачката на работната сила. Историјата го потврдува ова - работниците општо можеа да добијат поголеми плати кога



стопанството расте и побарувачката за работна сила е голема. Но, платите се определени од рамнотежата на силите при класната борба - кога работниците се во синдикати и организирани можат да се освојат поголеми плати, но само на трошок на профитите на капиталистичката класа.

Неодамна претседателот на Владата на Македонија го повтори урбаниот мит дека зголемувањето на платите, а посебно минималецот, е виновник за инфлацијата. Вистината е сосема обратна. Работниците обично се борат за зголемување на нивните плати за да се фати темпо со инфлацијата. Тед Грант во далечната 1971 година одговара на клеветите на конзервативната влада во весникот Милитант на следниот начин:

„Што е причина за порастот на цените? Да можеа капиталистите произволно да ги зголемуваат цените, тие немаше да чекаат на раст на платите. Тие се заинтересирани за добивање на максимумот, профитите. Тоа што ги спречува е конкуренцијата, посебно во современи услови, национални и меѓународно. Во основа, платите се тие што каскаат зад цените, а не обратно.

Да можеа капиталистите да ги зголемуваат цените по нивна волја, зошто стрепат од горливите штрајкови, со придружни губитоци во производството и профитите, наместо да попуштат пред барањата за зголемување на платата на работниците? Како да беше само прашањето на зголемување на платите очигледен начин да се реши проблемот. Но, всушност, профитот на капиталистичката класа е едноставно неплатениот труд на работничката класа. Следствено, зголемувањето на платите на работниците, ако сѐ друго остане исто, значи пад на профитите на капиталистите. Оттаму и лелеците од платените писатели на масовните медиуми.“ (Вистината зад инфлацијата, Тед Грант)

Грант, во цитатот погоре, објасни дека профитот се добива само преку помала исплата од вредноста на стоките што истите тие работници ја произведуваат. Профитот не може да се создаде со „купи поевтино, продај поскапо“, затоа што за секој продавач кој прави профит ќе има купувач кој е ограбен; бидејќи луѓето се истовремено купувачи и продавачи на пазарот, тоа што е добиено во една трансакција ќе биде изгубено во следната (Ова е опишано подетално во Капиталот, том 1, поглавие 5).

Со тоа се објаснува зошто инфлаторните мерки и девалвација на валутата не можат трајно да го уништат проблемот. Девалвацијата на валутата со цел да се бустира извозот ќе доведе со зголемени цени за увозот, па со тоа и зголемување на цената на производство за оригиналниот извозник и намалување на неговата конкурентска предност.

Количината на парите во циркулација не може да биде произволна туку е одредена од сумата на цените (значи сумата на вредностите) на стоките во системот. Доколку се создадат повеќе пари, дали со печатење на банкноти или ковање монети, со тоа не се зголемува богатството во општеството туку само се оди кон инфлација.

Уште во 2011 економистите претпоставуваат дека вишокот на капацитет, создаден од рецесијата 2008-2009 и астрономското пумпање на средства познато на англиски како „quantitative easing“, ќе се искористи за раст на производството и намалување на инфлацијата (која во тоа време беше под 3%). Но, тоа не се случи. Во последниве две декади и покрај напорите за евтин кредит (со реално негативни каматни стапки) нивото на инвестиции во сите развиени земји постојано паѓаше. Капиталистите не инвестираат во производствени активности, ама вбризгуваат милијарда евра, долари, фунти во разулавени спекулативни меури (недвижнини, берзански акции, крипто измами, НФТ и сл.)

## Инфлацијата во СФРЈ

СФРЈ памети инфлација во 1980тите. При крајот на 1989 година инфлацијата била 1000 отсто. По двоцифрениот раст на бруто домашниот производ по Втората светска војна, југословенските елити се соочуваа со кризи и при тоа создаваа различни немарксистички модели на стопанство уште од 1950тите. Една од најголемите кризи беше во 1970тите кога

растот на стопанството значајно се успори и номенклатурата предводена од Едвард Кардељ воведе стопански законски измени за „здружен труд". Во основа тоа беше мешано пазарно-командно стопанство, каде цените продолжија да бидат дерегулирани и се оставија да се создаваат во конкурентската борба на многуте фабрики и претпријатија наречени работнички организации (расцепкани на тн. Основни организации на здружен труд ООЗТ), затоа што работниците имаа удел во менаџментот преку работничките совети. Секако само привидно. Директорите на ООЗТ сепак ги поставуваше државата и единствената политичка партија, СКЈ. Овој текст нема да расправа детално за југословенската економија којашто од шок терапијата на Милка Планинц до реформите на приватизација на Анте Марковиќ покажа дека работничката демократија е есенцијално потребна за градењето на здрава работничка држава. Со целосното укинување на централизирананата и командната економија, со поделбата на републиките и покраините, СФРЈ го поплочи патот на раст на посебните партиски бирократии и секако до контрареволуцијата со целосна реставрација на капитализмот. Во периодот на последната деценија во Југославија имаше голема инфлација, енергетска криза, недостаток на основни намирници во продавниците, намалување на производството и пораст на невработеноста и сето тоа пропратено со бран на штрајкови.

Инфлацијата во СФРЈ беше предизвикана од растот на цените на горивата од светскиот пазар, што мораше да ги плаќа во долари односно девизи. Девизните резерви полека се трошеа, а со задолжувањето кон странските кредитори политичката бирократија се обиде да ја ублажи кризата. Како резултат на нарушениот баланс централната банка внесуваше повеќе пари (реално девалвирани) во однос на создадената вредност. Ју динарот девалвираше во однос на доларот од 15 на 1370 од 1979 до 1983 година. Спиралата на инфлација на цените создаде совршена почва за промоција на идеите на национализам и пазарна економија, а партиската бирократија беше тотално дискредитирана во очите на работничката класа која остана обезглавена и поразена. Последиците беа такви што политичките национални раководства вперија прст кон другите југословенски народи како виновници, се разгоре граѓанската војна и пљачкањето, а буквално десеткуванаата индустриска работничка класа и стопанства не можат да напредуваат триесет години.

Значи, се покажа дека не е можно една работничка држава од 24 милиони жители да гради „свој социјализам" и покажа дека не е возможна мирољубива коегзистенција во светскиот капитализам. За победа на социјализмот во Македонија, освен создавање на демократска работничка држава, потребно е обединување на работничката класа од просторот на Југославија, Балканот и Европа во федерација на нации со загарантирана културна автономија, но и со заедничка визија за економски раст, со надополнување и соработка, преку рушење со пазарот и несреденото производство заради профити.

**Сегашната криза**

Би било погрешно да ја обвиниме локалната власт за проблемот со инфлацијата. Станува збор за продолжување на глобалната криза од 2008 година во нов облик, што марксистите ја предвидоа уште тогаш. Инфлацијата во Македонија е една од најголемите на Балканот заедно со БиХ. Официјалните двоцифрени бројки се под вистинските, затоа што порастот на цените на храната, градежните материјали, огревот, становите, е многу над 10 отсто. Мерките кои државата ги презеде како неколкумесечното стопирање на растот на цените на некои производи се неделотворни и покрај фалењето на владата и нејзините медиуми. Дополнително, разликата меѓу просечната нето плата и синдикалната потрошувачка кошница во 2022 година изнасува 7348 денари, за разлика од годината претходно кога била 5436 денари. Како и да вртиме една просечна нето плата не ги покривала животните трошоци и само еден вработен член во семејството дури и да има стан и да не плаќа кирија и да нема возило, не ќе




може да се прехрани и одржи во живот.

Националната банка на РСМ сè уште не ги зголемила каматните стапки, иако Европската банка ги зголеми во средина на јули 2022. Овој метод ќе биде приморана да го спроведе кога ќе мора да почне да ги отплаќа зголемените износи на девизи кон кредиторите. Фиксниот курс на денарот спрема еврото, што политичките елити го штитат како зеница во окото, или ќе попушти или ќе треба да молат и тоа многу добро за да се зачува стабилноста.

Секако станува збор за релативна стабилност во однос на целиот регион и ЕУ. А тој е под страшна опсада да пукне - дали поради пумпањето на средства за време на пандемијата за одржување на потрошувачката, дали поради војната во Украина што значи поскапи житни култури, ѓубрива, масло за јадење, и секако поскапи енергенси, и конечно поради протекционизмот што битно го наруши светскиот синџир на понуда.

Комунистите тврдат дека срцевината на проблемот е во криза на прекумерното производство. Не, ова не е спротивно на претходниот пасус. Ова не значи дека има премногу стоки со употребна вредност туку дека нема ефективно побарување (т.е. пазар) за сите стоки што сега се произведуваат. Бидејќи работниците добиваат помалку во плати отколку вредноста на стоките што се произведени, тогаш тие не се способни да ги откупат стоките што ги направиле. Без способен купувач, капиталистите не можат да ги продадат стоките; профитите не можат да се остварат; производството, што во капитализам е само поради профитите, запира. Невработеноста се зголемува. Капиталистите не можат да ги намалат цените или да ги зголемат платите со цел да се зголеми ефективната побарувачка, затоа што би скратиле од своите профити. Системот е доведен во ќор-сокак.

Не е наше да браниме капитализам без инфлација наспроти капитализам со инфлација - капитализмот е систем на сврзани садови во којшто инфлацијата, рецесиите, невработеноста, империјализмот и војните и општата мизерија постојано менуваат јачина врз грбот на широките народни маси. Инфлацијата е само последица на функционирањето на капитализмот и таа не може трајно да се победи доколку не се случат коренити измени. Пазарната економија е со вградена контрадикција: приватната сопственост на средствата за производство. Комунистите ја сметаат токму приватната сопственост како извор на кризите и нивната борба била и ќе биде укинување на пазарната економија, на капиталот и профитот, и замена со планска национализирана, демократски управувана економија, каде проблемот на цените, инфлацијата и невработеноста нема да постојат.

*август 2022, Алек Атевиќ*

# ИНТЕРНАЦИОНАЛИСТИЧКО И КОМУНИСТИЧКО „НЕ“ НА ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ

## Реставрација на капитализмот и враќањето во XIX век

По распадот на Југославија во 1991 година, новоформираните македонски власти, во голема мера кадри произлезени од бирократскиот апарат на претходниот систем, веднаш откако ја прославија „изборената“ „независност и сувереност“, затекнати во дадениот геополитички контекст, за национални стратешки определби, по реставрацијата на капиталистичките односи, ги одредија - зачленувањето во ЕУ, а нешто покасно и зачленувањето во воениот НАТО сојуз. Ова ни е сосема доволно за да го сумираме тридецениското искуство на капиталистичка „самостојна“ Македонија на две меѓусебно поврзани константи - општествено-економската транзиција и евроатланската интеграција.

Општествено-економската трансформација, предводена од новооткриените идеолози на „пазарната економија“, а поучени од економските експерти на глобалниот капитализам - ММФ и Светската банка, предизвика целосна приватизација, убедливо најбрза и најширока на Балканот, и уништување на општествениот имот создаден од страна на работничката класа, а што резултираше со создавање на новата владејачка/сопственичка класа, од една страна, и масовна материјална беда и осиромашување на работничката класа, од друга страна, со катастрофални последици по



нивното здравје, квалитетот на живот и општата добробит.

Со цел да се оправда новата реалност и кражбата на општествениот имот и следствено ублажи социјалниот гнев, нужно беше новата лилипутанска владејачка класа да проектира визија за подобра и слободна утрешнина, односно слика за она кон што општествено транзитираме, а дека „економските реформи“ иако болни се оправдани, тие се исчекор кон таа светлата иднина, додека материјалната беда и уништувањето на животите на работниците се само „привремени“ - така се создаде „сонот“ за неопходното зачленување во Европската унија и НАТО како финализација на транзицијата. Мантрата која постојано имплицитно се повторува дека „НАТО ќе не брани, ЕУ ќе не храни“ во суштина ја открива комплетната неспособност на владејачката класа и целосно ја издава нејзината компрадорска природа со единствена функција - слугување на крупниот капитал и реставрација на периферниот капитализам во локални рамки.

Но, „сонот“ на македонските власти за брзо интегрирање во воениот НАТО сојуз и Европската унија беше срушен во 2008 година, за време на НАТО самитот во Букурешт, кога Грција го блокираше приемот на Македонија во алијансата заради неприфаќањето на „погрешното“ име на државата, иако приемот би се случил под привременото име за меѓународна употреба (Поранешна југословенска Република Македонија). Од тогаш процесот на „евроатланска интеграција“ се претвори во идентитетски роварења, проблематизирање и оспорувања во однос на правото на самоопределување. Ова предизвика дополнително јакнење на ионака веќе изразениот национализам, нешто што одлично им послужи на локалните владејачки структури во нивната тенденција да се одржат на власт - во отсуство на било каква реална понуда за подобрување на животите на граѓаните им сервираа меѓусебна омраза - додека истовремено ги рекламираа како „евтина работна сила“ на посакуваните странски

инвеститори.

Затегнувањето на геополитичките односи и новата блоковска поделба, сепак, условија да се откочи пристапувањето на Македонија, првенствено, во воената НАТО алијанса. За таа цел во 2018 година, под директна патронажа на империјалниот господар САД, како и ЕУ бирократијата, беше потпишан „Преспанскиот договор" со кој македонските власти ги прифатија уцените директно произлезени од грчкиот шовинизам за промена на името на државата, се со цел истата да ја внесат во НАТО. Дека овој „договор" е октроиран и независен од волјата на народот целосно се потврди при постапката за негова имплементација. Изигрување на референдумското прашање, како и неуспешноста на самиот референдум не значеа, како и следственото купување на пратениците кои првично се изјаснија негативно за „договорот", па дури и се амнестираа пратеници на опозицијата кои имаа обвиненија за тероризам, се со цел да се стигне до потребната бројка на пратеници за ратифицирање на договорот преку Собранието и така да се промени Уставот. Владата на социјалдемократите го прогласи овој договор за „победа", со којшто конечно ќе се надминат билатералните пречки во понатамошната интеграција во ЕУ како краен идеал.

Лажниот триумфализам траеше мошне кратко. Откако во 2020 конечно ја остварија геостратешката цел и Македонија стана дел од НАТО, нејзината „европска" интеграција повторно беше блокирана, овој пат од страна на друга соседна држава - Бугарија, која исто така испорача свои барања, сега насочени кон македонскиот јазик, националната историја и образовните содржини кои произлегуваат од истата, затоа што истите се косат со бугарскиот историски наратив.

### Националната идеологија на Бугарија и Македонија

Крајот на Втората светска војна и победата на комунистите ги создадоа условите за формирање на македонската држава во рамките на југословенската Федерација, како нејзина рамноправна членка. По војната, односот на новата држава и Бугарија беше другарски и исполнет со взаемно почитување. Бугарија во тој период целосно го призна македонскиот јазик и малцинство, како и правото на самоопределување на Македонците од Пиринскиот крај како исчекор во формирањето на една поширока социјалистичка Балканска Федерација, која би ја сочинувале и Албанија, Романија и Грција. Сето ова трајно ќе се промени по Резолуцијата на Информбирото од 1948 и осудата на југословенското раководство, што ќе резултира со прекинување на односите меѓу Југославија и останатите социјалистички земји. Бугарија по информбировската поделба изврши ревизија на нејзиниот однос кон „македонското прашање" и целосна се врати на стојалиштата од пред 1945, воскреснувајќи ја националната програма наречена „Санстефанска Бугарија". Секако, и од другата страна на границата, во Македонија, и Југославија воопшто, пост-информбировската „национална идеологија" се повеќе се градеше на антибугарски сентимент, кој не недостасуваше поради злосторствата на бугарските фашисти за време на Втората светска војна.

Неспорно е дека ние како комунисти треба да ги разбиваме мистификациите кои ги продуцира секоја национална историја во полза на опстојување на владејачката капиталистичка идеологија и во однос на историските прашања да се водиме од историскиот материјализам, како метод за анализа на историскиот развој, историските појави и настани.

Национална историја по суштина е необјективна, нејзината цел никако не е да даде некаков објективен приказ на историските случувања туку да продуцира историска аргументација во полза на формирањето и опстојувањето на националната држава. Државите постојат онолку колку што постојат и самите класни општества, но националните држави се релативно нов феномен на историскиот развој, тие се раѓаат како идеолошки инструмент во рацете на буржоазијата за имплементација на капитализмот и рушење на старите феудални односи. Но, тоа не е случајот со македонскиот

народ, којшто својата национална афирмација ја стекна преку Народноослободителната борба и социјалистичката револуција предводена од комунистите во Втората светска војна на просторот на Македонија.

Она што сочинуваат европските барања испорачани до македонската влада, во т.н. „Француски предлог" односно „Протоколот за спроведување на договорот за добрососедство" е всушност барање за ревизија на македонската историографија врз основа на бугарската национална историја - за која историската реалност за постоењето на посебен македонски народ и јазик се неприфатливи, и истите во својот историски наратив ги поима како „неосвестени Бугари" кои говорат на бугарски дијалект, вештачка творба и манипулација на Коминтерната и КПЈ.

Францускиот предлог беше експресно прифатен од земјите членки на ЕУ, вклучително и Бугарија, како рамка за почеток на преговорите на Македонија со ЕУ, а еврокомесарот Вархеј во својата изјава истакна дека „ЕУ ги зема сите бугарски грижи многу сериозно и [затоа] тие сега се дел од преговарачкиот процес".
Наметнувањето на позициите на бугарскиот етнолингвистички национализам како релевантен, па дури и суштински дел од преговарачкиот процес на Унијата со Македонија целосно го разобличи долгосоздаваниот мит за ЕУ како некаква политичка заедница на рамноправни народи, каде постои обединетост на различностите и меѓусебно почитување и ја открива за она што всушност е реакционерна утопија создадена исклучиво поради интересите на крупниот капитал.

Затоа, не треба да нè изненадува што истовремено имаме ЕУ која енергично се спротивставува на обидот на Русија за дефинирање на историјата на украинскиот народ, неговиот јазик и државност и ЕУ која целосно ги прифаќа „грижите" на Бугарија за тоа како македонскиот народ ја поима сопствената историја и јазикот на којшто зборува и пристапува кон нивна соодветна модификација како услов во пристапувањето.

**Конкретни одредби од францускиот предлог**

Во текот на месец јули, во медиумите протече една верзија на т.н. Протокол од македонско-бугарската комисија кој всушност е Записник од состанокот на македонското и бугарското министерство за надворешни работи. Македонскиот министер за надворешни работи одбиваше да го претстави истиот пред јавноста со смешно образложение дека „сакал самиот да ја објасни неговата содржина". Од друга страна, бугарската министерка Генчовска отворено го презентираше овој Записник пред Комисијата за надворешна политика во Софија, што е сосем разбирливо кога ќе се погледне неговата содржина. Византиските и подмолни игри на македонската дипломатија се доволен аларм дека се подготвува историски ревизионизам со антикомунистички шмек. Во третата точка од овој Записник стои следното:

„Владата на Република Северна Македонија, согласно чл. 11 ст. 5 од Договорот, ја потврдува заложбата дека ништо во нејзиниот Устав не може или не треба да се толкува дека претставува или некогаш ќе претставува основа за мешање во внатрешните работи на Република Бугарија со цел да се заштити статусот и правата на лицата кои не се државјани на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија да и достави на Република Бугарија копии од сите методолошки упатства, учебници, наставни средства и други релевантни наставни материјали во образовната програма на Република Северна Македонија во согласност со член 12 од Програмата помеѓу Владата на Република Бугарија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на образованието и науката."

Со други зборови, македонската страна заради утописките желби за зачленување во ЕУ прифаќа да ги потчини своите образовни политики и програми на бугарските шовинистички и антикомунистички историски митови и секое историско толкување кое не одговара на бугарскиот наратив да биде сметано како говор на омраза. Негаторската официјална

бугарска политика кон малцинствата добива своја потврда со овој документ и се потврдува асимилацијата на Македонците во Бугарија, сето тоа под покровителство на „хуманата и принципиелна Европска Унија“.

Понатаму во Записникот стои:

„Рехабилитација на жртвите на комунистичката репресија

Владата на Република Северна Македонија, во согласност со Декларацијата на Собранието на Република Северна Македонија од 2006 година со која се извинува на жртвите на репресијата на режимот во 1945-1990 година и во духот на Резолуцијата на Европскиот парламент за европската совест од 2009 г. и тоталитаризмот, да ги осуди и да се извини за неправдите и репресиите извршени во минатото, директно или индиректно, од страна на југословенскиот комунистички режим врз граѓаните врз основа на нивното етно-политичко самоопределување, вклучувајќи ги и во однос на Бугарите.

Владата на Република Северна Македонија декларира дека ќе ја создаде потребната сеопфатна правна рамка за целосно отворање на архивите на репресивниот апарат на поранешните државни безбедносни служби од времето на комунизмот, вклучувајќи полиција, цивилно и воено разузнавање и контраразузнавање во периодот од 1945 до 1991 година. Оваа сеопфатна законска рамка ќе создаде јасни можности за слободен, неограничен и навремен пристап, истражување, право на користење, објавување и институционално чување и зачувување на релевантните документи.“

Според логиката презентирана во документот, македонската држава треба да им се извини на сите оние кои се чувствуваат како жртви на „комунистичката репресија“ од поранешниот систем и држава. Се поставува прашањето: дали жртви на комунистичката репресија се оние докажани соработници на фашистичкиот окупатор кои се осудени по завршувањето на војната? Дали ова отвора врата за рехабилитација на историски личности - соработници на фашизмот по примерот на останатите земји во регионот? Што значи овде несреќната кованица „етно-политичко самоопределување“ кога етничката и политичката определба се две различни работи? Дали е возможно некој да биде Бугарин или Македонец по „етно-политичка определба“? Сите овие прашања нè водат кон одговорот дека ова е обид за демонтирање на секој остаток од бившиот социјалистички систем и негова негација.

Иако Протоколот експлицитно не се споменува во последната верзија на францускиот предлог која ја објави и македонската влада, сепак тој е дел од другите документи на ЕУ поврзани со интеграцијата на Македонија, а кои се веќе објавени од страна на македонската влада. Тој се споменува во воведната Изјава на ЕУ за преговорите за пристапување, во точката 14, каде се поздравува „договорот за Протоколот од вториот состанок на заедничката меѓувладина комисија(...) Овој важен чекор ќе придонесе кон добрососедските односи и регионалната соработка, кои остануваат главни елементи на процесот на проширување како и на процесот за Стабилизација и асоцијација“. Протоколот се споменува и во предлог-заклучоците до Советот на ЕУ во точка 3 со истата формулација како и во Изјавата цитирана погоре. Во воведната изјава на ЕУ за отворање на пристапните преговори експлицитно стои следното: „Понатаму, пристапувањето во ЕУ подразбира навремено и ефективно спроведување на целокупниот корпус на правото на ЕУ или ЕУ acquis (правото на ЕУ), како што е во моментот на пристапувањето. Според подобрената методологија за проширување, развојот на доволен административен и правосуден капацитет, како дел од кластерот фундаментални вредности, е клучен во исполнувањето на сите обврски кои произлегуваат од членството. Во однос на преводите на acquis -правото на ЕУ на македонски, ЕУ ги зема предвид соодветните еднострани декларации на Бугарија и Северна Македонија за македонскиот јазик.“ Согласно едностраната декларација на бугарската страна, македонскиот јазик е регионална форма на бугарскиот јазик и е вештачки создаден во рамки на социјалистичка Југославија. И




Договорот за добрососедство со Бугарија и неговото имплементирање е експлицитно дел од преговарачката рамка со ЕУ.

Вака скроениот „Француски предлог" не претставува ништо друго освен легитимирање на една фашизоидна политика на бугарската држава и буржоазија, сега поткрепена од бирократите од Европска унија и во суштина значи потврда на историскиот наратив според кој „македонската нација и јазик е вештачка творба измислена од Тито и Југославија", а сето тоа со единствена цел – остварување на регионалните аспирации на слабата бугарска буржоазија и нејзино одоброволување за одблокирање на преговорите со Македонија. Секој принципиелен комунист и интернационалист ќе се спротивстави на ваквата империјалистичка и негаторска политика.

**Протестите против предлогот**

Несомнено ова предизвика силна реакција кај граѓаните. Во една генерално негативна општествена ситуација протестите се многу очекувана и предвидлива појава. Луѓето со право се бесни и сакаат да се сопре со целата лакрдија околу пристапувањето кон ЕУ. Следствено евроентузијазмот се повеќе се топи, а на негова сметка се јавува пораст на национализмот. Фрустрациите од економската беда и сиромаштија, вртоглавиот раст на инфлацијата и сеопштиот пад на квалитетот на живеење, надополнети со (нови) национални понижувања од страна на ЕУ создава отворен простор за десницата која го користи моментумот да ги канализира и артикулира сите овие разочарувања низ една националистичка призма, што во крајна лија е погубно.

Предводниците на протестите против Францускиот предлог, ВМРО-ДПМНЕ, се докажано кооперативни со интересите на „стратешките партнери". Колку за потсетување, тие иако наводно не се согласуваа со предложените уставни измени за промена на името на државата сепак тоа го дозволија и самите овозможија илегално и насилнички да се протуркаат уставните измени. Сепак, не можеме да очекуваме од експозитурата на германскиот империјализам со кадри школувани од Фондацијата Конрад Аденауер да биде предводник на анти-ЕУ политика. Тие ќе продолжат со евентуални преговори со ЕУ и кога власта на СДСМ ќе падне.

Другите учесници на протестите – Левица имаат целосно изгубено основна политичка ориентација и ниту самите не знаат јасно за што се. Така истовремено тие не можат да се откинат од ЕУ определбата, но, истовремено се и за БРИКС, но, и за членство во „Неврзаните". како можна алтернатива. Секако борбата за промена на класните односи и рушење на капитализмот не претставува реална алтернатива за Левица, туку единствено сојузувањето со други неЕУ капиталистички држави. Оваа франкенштајн структура на крајот од денот, се што прави со своето политичко делување е заради собирање на изборни поени во ситуација кога падот на оваа власт е извесен.

Од друга страна, во недостаток на решенија за било кој сериозен внатрешен проблем, домашната владејачка класа продолжува со градење на илузијата за членството во ЕУ како

конечно решение за сите наши проблеми. Дури и во најоптимистичен случај, Македонија како периферна капиталистичка земја ја чека српско-црногорско сценарио со преговори за влез во ЕУ. Овие две земји од т.н. Западен Балкан преговараат околу 10 години со унијата и не се ни блиску до завршување на преговорите. Овој регион ќе биде постојано држен во сфера на влијание, но поучени од искуствата со земји како Бугарија/Хрватска/Романија, моќните европски земји нема да ја направат истата грешка. Сите приказни за европскиот пат и за Западен Балкан се само тоа, приказни и бајки. Каков компромис со Бугарија и да прифати власта овде, тоа ќе биде залудно, бидејќи и при малку веројатниот влез во ЕУ некогаш, периферната природа на македонскиот капитализам нема да се смени и истиот нема да може да се носи со европскиот пазар, што ќе резултира единствено со егзодус на работоспособното население при отворените граници и потполно уништување на она што преостанало од македонската индустрија.

**Заклучок**

Една од главните причини зошто единствено низ националистичка парадигма се третираат овие општествени прашања, кои националистите ги користат за собирање на политички поени, е непостоењето на масовна комунистичка политичка организација која би можела да создава реални алтернативи и која во никој случај не би ги базирала своите политики на евтин национал-романтизам туку на интернационализам. Таквата организација оправданиот бес на обичните Македонци против ЕУ и францускиот предлог би го канализирала во социјална борба за подобар живот против ЕУ капиталот и неговите компрадорски слуги - македонската владејачка класа и нејзините политички претставници од сите бои и ориентации. Таа борба би морала нужно да ги премине етничките граници и во себе да ги интегрира обичните работни Албанци, но и да отвори прилика и да апелира на бугарските работници на борба против владејачката класа во Бугарија, која со нападот на Македонија го трга фокусот од ужасните услови во кои живеат бугарските работници.

Смешен и целосно бесмислен беше повикот на лидерот на ВМРО ДПМНЕ до албанските политички партии да не го прифатат Францускиот предлог, ако се има во предвид дека сите тие, и ВМРО ДПМНЕ, и сите останатипартии, се партии на капиталот и дејствуваат согласно неговиот интерес, и не се раководат од некаква имагинарна солидарност. Во моментот не постои доволно силна контратежа на доминантните политички тенденции, затоа е уште поголема нашата обврска, на секој комунист и свесен работник, да придонесе во градење на таква организација која ќе може да интервенира во стварноста согласно нашиот класен интерес.

Ние сигурно не се солидаризираме со ВМРО ДПМНЕ, ниту пак бараме солидарност од останатите партии на капиталот, ние на солидарност ги повикуваме комунистите и работниците Албанци, Бугари, Македонци на заедничка борба и рушење на националистичките митови создадени да нè држат поделени во национални кампуси, спротивно на нашиот класен интерес. Затоа-ве повикуваме за рушење на системот што нè експлоатира, ограбува и нè насочува на меѓусебна омраза и војување.

Во период што следува ќе останат само фрустрациите и националниот набој и отворен простор за десницата, а „сонот" за некаква светла „европската иднина" ќе остане само тоа - сон на заспаните. Светот несомнено се наоѓа пред исклучителна органска криза на капитализмот, која ќе го рефлектира расплетот на внатрешните контрадикции на системот, и ние од тоа нема да сме одминати, и никаква капиталистичка Унија нема да ја сопре таа криза, напротив. Ние комунистите од Марксистичка организација Црвени веруваме дека единствениот одговор на националните прашања, како и на економските контрадикции на Балканот е во создавање на работничка и социјалистичка Балканска Федерација, како дел од Социјалистичка Европа.

***септември 2022,***
***Деан Лутовски и Петар Чуриќ***

# КРИЗА, ПРОТЕКЦИОНИЗАМ И ИНФЛАЦИЈА: ВОЈНАТА ГО ПОДГОТВУВА ПАТОТ ЗА РЕВОЛУЦИЈА

***Кризата во Украина создаде огромна инфлаторска бура. Војната, западните санкции кон Русија, пандемијата, протекционизмот и климатските промени, ги нарушува децениски ниските цени на стоки во криза којашто допрва ќе се продлабочува.***

***Овој, досега невиден, спој на фактори припрема катастрофа која Паскал Лами, поранешен генерален директор на Светската трговска организација, ја сумира во една негова трезвена анализа:***

*"Искрено речено, кога гледам на она што доаѓа, прилично сум загрижен, а се занимавам со меѓународни прашања веќе 30, 40 години. Мислам дека никогаш не сум видел период кога ризиците биле толку високи поради влијанието на КОВИДот на светската економија, особено во земјите во развој; кризата со храна; кризата со цените на енергенсите; должничката криза, која е закана на многу места во земјите во развој; силниот удар на сѐ ова врз финансискиот систем. Гледам само наголемување на ризиците. И се разбира, војната во Украина која на некој начин е последното влакно што го крши грбот на натоварениот коњ. За жал, јас сум многу повеќе загрижен сега, одошто сум бил во изминативе децении."(Ле Пен, патриоти и антиглобалистичко движење, Financial Times)*

## Прехрамбената индустрија во криза

Руската инвазија во Украина предизвика низа проблеми во светската економија. Како рво, Украина и Русија се едни од најголемите снабдувачи на храна во светот. Заедно произведуваат 12 проценти од светските калории со кои може да се тргува, а вкупно претставуваат само 2 проценти од светската популација. Нивниот извоз на житарки е клучен за земјите од Средниот Исток, но оваа криза влијае врз цените ширум светот.

Украинските жетви се тешко погодени од војната. Голем дел од минатогодишните посеви сѐ уште се заглавени во силосите, а овогодинешните на многу начини ќе бидат погодени од војната. Делови од земјата се окупирани од Русија, но и голем дел од инфраструктурата е нарушена, дел од бомбите,



дел од страна на војската за воени цели. Исто така има и недостаток на работна сила бидејќи многу луѓе се регрутираат во борбите.

Во меѓувреме Русија го забрани извозот на храна со цел да ги осигура сопствените залихи. Нејзиниот извоз исто така е ограничен од Западните санкции.

Како резултат на тоа цената на пченицата скокна за една третина, што претставува огромен скок, а се предвидува зголемување за уште неколку проценти до крајот на годината. Ова ќе има силни последици врз луѓето чиј основен извор на калории е лебот. Но, несомнено е дека ќе има верижен ефект и врз другите прехрамбени производи, затоа што луѓето ќе се префрлат кон конзумирање на ориз, компир итн.

Проблемот со климатските промени е уште еден фактор во целата приказна. Како пример е топлотниот бран во Индија кој силно го погоди производството на жито, со што предвидувањата за овогодинешниот род се пад од 5 проценти. Ова создава дополнителна тешкотија на светскиот пазар на жито, кој веќе не може да трпи повеќе удари.

Цените на храната генерално на светскиот пазар се зголемени за 55 проценти од 2020 година и 17 проценти од почетокот на годинава. Ова има силно влијание врз сиромашното население ширум светот. Супсахарска Африка,

на пример, увезува 85 проценти од своите залихи на жито, а храната претставува 40 проценти од конзумерската потрошувачка во регионот. Во обид да го ублажи ова, актуелниот генерален директор на Светската трговска организација, Нгози Оконџо-Ивеала, неодамна го замоли бразилскиот претседател Жаир Болсонаро да преземе мерки за зголемување на производството на храна. „Многу сум загрижен за претстоечката прехрамбена криза и чекорите кои мора да ги преземеме.“ - изјави за новинар во Вашингтон. („Забраната за извоз на храна ги зголемува глобалните цени“, Њу Јорк Тајмс, 2 мај)

За нештата да се уште полоши, цените на ѓубривата се дуплираа од минатата година. Русија е најголем извозник на ѓубрива во светот, а моментално ги забрани извозите. Згора на тоа, природниот гас е клучен елемент во производството на ѓубрива, а неговата цена, како што знаеме, енормно порасна.

Но војната само ги интензивира проблемите кои веќе постоеја. Цените на уреата пораснаа за 50 проценти помеѓу март и октомври минатата година, што доведе до тоа Кина да воведе бариери во извозот на ѓубрива. Целта е да ги задржат цените на кинескиот пазар под тие на светскиот.

Консеквентно, комбинацијата на поскапени енергенси и ѓубрива, создава хаос во производството на храна во оранжериите. Производителите не можат да заработат од продажбата, па го прекинуваат производството за да избегнат загуби. Се разбира, ова ќе биде додатен притисок врз оптоварените пазари на храна.

**Заштита на снабдувањето со храна**

Под силниот притисок од кризата во индустријата со храна, некои земји веќе се определуваат на заштита на своите потрошувачи од светскиот пораст на цените.

Војната веќе го лиши пазарот од руските и украинските залихи на растително масло. Ова ја принуди индонезиската влада да го направи истото со цел да се осигура домашната цена да остане ниска. Тоа значи дека 40 проценти од светската понуда на растително масло е тешко достапна. Како последица цените се зголемија за 150 проценти.

Проблемите со годинешната жетва во Индија доведоа до спекулации дека можеби владата ќе се одлучи за рестрикции во извозот, нешто што таа досега го одбива. Доколку ова постане нивна реалност, трговците се загрижени дека ќе создаде паника на глобалниот пазар на жито. („Прехрамбениот протекционизам создава глобална инфлација и глад“ – Фајненшал Тајмс).

И други земји презедоа мерки со забрана на извоз на житарки, со што се зголемија цените на светскиот пазар. Ова ќе создаде тешкотии на домашните произведувачи, затоа што ќе мора да се соочат со повисоките цени на горива и други артикли потребни за производство, а нема да можат да извезуваат со што би ја искористиле повисоката цена на пазарот и така би компензирале.

Ова ја намалува довербата во светскиот трговски систем. Доколку не можат да се потпрат на светската трговија за да го прехранат своето население, тоа би значело дека земјите треба да воведат тарифи и други извозни бариери со што би го поддржале своето земјоделие. Тоа неизбежно би значело поскапи производи. Истото важи и за трговците, кои ќе мора да имаат предвид секакви додатни ризици пред да одлучат од каде да ги набават производите.

**Посебната криза на британскиот капитализам**

Ситуацијата е секаде лоша, но Велика Британија се соочува со најтешката инфлација во Западна Европа. За земја со значителна сопствена нафтена и гасна индустрија, многу лошо е погодена од скокот на цените на енергенсите.

Владата во 2019 година воведе горна граница на цената на енергенсите, но тоа имаше влијание само во првите неколку години, зашто повеќето домаќинства веќе имаа договори под таа граница. Сега горната граница стана цена ја плаќаат практично сите. Во април порасна за 54 проценти, додека се очекува во октомври да порасне за додатни 30 проценти.

Поради тоа што повеќето домаќинства веќе се осиромашени и се борат да состават крај со крај, Кит Андерсон извршен директор на Скотиш Пауер, изјави: „До октомври ситуацијата ќе стане ужасна, навистина ужасна. Францускиот енергетски гигант ЕДФ изјави дека трошоците за енергенси на погодените потрошувачи во Британија ќе преминат од 1 фунта за секои 12 фунти кои ги заработуваат, на 1 фунта за секои 6 кои ги заработуваат оваа година.

Здружението на работодавци вели дека не смее никако да се одложи финансиска помош на оние кои се борат за егзистенција."

Проблемите не се ограничени само на енергенсите. Централната банка очекува инфлацијата да се покачи на 10 отсто до крајот на оваа година и покрај падот на стапката на раст. Гувернерот на Банката на Англија изјавува дека чекорат на „многу тенка линија" помеѓу неуспех да ја стабилизираат инфлацијата и ризикот од создавање на длабока рецесија додека економијата е погодена од повисоки каматни стапки, како и намалувањето на потрошувачката моќ на конзумерите поради инфлацијата. ("Бејли предупредува на ризик од постојана инфлација поради силниот пазар на труд" Фајненшал Тајмс).

Во суштина, Бејли предвиде дека инфлацијата ќе достигне 10 проценти во Велика Британија пред крајот на оваа година, но и изјави дека банката на Англија е немоќна да направи нешто во врска со тоа.

## Централната банка е немоќна пред заканата на опасност од стагфлација

Инфлациските притисоци сериозно го попречуваат постковид опоравувањето. За време навпандемијата централните банки испумпаа илјада милијарди долари со цел да спречатвекономијата да потоне. Тие исти пари сега се причина за инфлациската спирала. Во обидвда ја заураат инфлацијата, централните банки се принудени да ги зголемат каматнитевстапки и да ги отстранат парите кои беа пуштени во циркулација. Но, правејќи го тоа, истураат студен туш врз економијата.

Загриженоста е дека не само што нема да успеат да ја спречат инфлацијата туку и дека ќе ја вратат економијата на нулти раст, па дури и ќе влезат во рецесија. Токму ова е тоа на што гувернерот на Банката на Англија предупредува. Ова е тоа кое што го нарекуваат стагфлација (стагнација и инфлација во исто време).

Покачувањето на каматните стапки како и зголемувањето на трошоците за живот, доколку не е комбинирано со покачување на платите, ќе ја намали куповната моќ на работничката класа. Така ќе се намали моќта на потрошувачите.

Подалековидите економисти добро ги разбираат имплицитните опасности во вакви услови. За Њу Јорк Тајмс, Викторија Грин од G Squared Private Wealth изјавува:

„Дефинитивно постојат многу отворени и неквалификувани ризици кои сеназираат [...] Економијата на САД живее и умира од потрошувачот, кога овој потрошувач губи моќ. Сметам дека тоа длабоко ќе ја погоди економијата." (Падот на пазарот го одразува стравот од тоа што доаѓа, 2 мај 2022).

Во меѓувреме Џо Хајес, економист од S&P Global (агенцијата за рејтинг), даде слична поента за Вол Стрит Џурнал:

„Со оглед на моменталната неконтролирана инфлација, тешко е да се видат одржливи механизми за постпандемиско опоравување, кои ќе го неутрализираат негативниот импакт од растот на цените." (Изгледите за глобален раст опаѓаат пред војната во Украина)

Најсериозно предупредување дојде од поранешниот генерален директор на Голдман Сакс Лојд Бленкфајн, кој ги предупреди корпорациите да се подготват за рецесија. Во интервју за Блумберг изјави дека постои „многу многу голем ризик" од рецесија, повикувајќи се на владиниот стимул, проблемите во синџирот на снабдување, кинеските карантини и војната во Украина, како огромни пречки за централните банки да ја ставaт инфлацијата под контрола. Според него „тесен е патот" за избегнување на рецесија. ("Поранешниот извршен директор на Голдман вели дека шансите за рецесија се многу високи")

Реалноста е дека централните банки се ставени помеѓу чеканот и наковалната. Не смеат да дозволат инфлациската спирала да се продлабочи, но не можат ни да ја намалат, затоа што ќе предизвикаат рецесија. Па дури и рецесија може да не е доволна да ја запре инфлацијата.

**Криза во логистиката**

Тоа што е уште полошо од ударот што го има кризата врз цените на потрошните добра е растот на цените дополнително во веригата на производството. Зголемувањето на трошоците овде е многу поголемо од зголемувањето на пазарот на потрошните добра, а несомнено ќе има силен удар врз целиот систем.

Сериозната криза во логистиката започна уште од пандемијата, кога цените на транспортот на стоки драматично се зголемија. Промената на моделот на потрошувачка, комбинирана со хаосот на пазарот, создадоа огромни проблеми во снабдувањето, со што цените за транспортот нагло се зголемија. Последниве месеци малку се намалени, но основните трошоци во меѓувреме пораснаа.

Цената на дизелот во Европа, која беше силно погодена, порасна за околу 63 отсто споредено со цената пред пандемијата. Ова се должи на зголемувањето на цената на нафтата, но исто така и на зависноста на Европа од рускиот извоз.

Исто така и цените на гумите и резервните делови се дуплираа. Се појави и недостиг на палети. Околу 25 проценти од европските залихи на меко дрво, кое се употребува за изработка на палети, е недостапно поради војната и санкциите. Покрај тоа, годишната залиха од 20 милиони палети од Украина и Русија е недостапна, што доведе до тројно зголемување на нивната цена, која од 9 евра порасна на 23. (“Војната во Украина ја погоди европската снабдувачка со палети, а можно е и руската армија да го почувствува тоа”, Euronews).

Војната во Украина сериозно го погодува транспортот на неколку различни начини. Без разлика на намалувањето на цените за транспорт кои ги сведочиме минатиов шериод, тоа лесно може да се сврти во обратен правец затоа што зголемувањето на трошоците на компаниите за логистика почнува да се пренесува врз целиот систем.

**Трошоци за суровините**

И не е само транспортот каде индустријата се соочува со проблеми. Цените на разни видови на суровини се зголемуваат. Русија е една од поважните извори на руди, од кои голем дел се употребуваат во модерното производство, а со прекинот на снабдувањето од Русија, цените нагло се зголемуваат.

Извршниот директор на Тесла, Илон Маск, се пожали на ова на собранието на акционерите во април: „Сметам дека официјалните бројки ја потценуваат вистинската големина на инфлацијата,“ рече во неговата изјава. Потоа додаде дека предвидува континуитет на инфлацијата барем до крајот на годината и дека снабдувачите бараат 20 до 30 проценти покачување за деловите за производство.

Не е само Тесла. Германските производни цени за индустриските продукти се зголемија за 30,9 проценти, што претставува највисока стапка на зголемување од 1949 година. Германската индустрија се соочува со зголемување на цената на енергенсите за 84 проценти, со цена за природен гас покачена за 145 проценти. Зголемувањето на цените ја натера ММФ да ја намали прогнозата на раст на германската економија за околу 1,7 процентни поени.

**Кризата во Кина**

Кина е веќе во остро забавување поради ковид карантините, кои погодуваат околу 300 милиони луѓе. Индустриското производство падна за 2,9 проценти, а малопродажбата во април месец падна за 11 проценти. Производството на автомобили падна за 41 процент, а изградбата на нови објекти падна за 44 проценти. (Кина: полошо, Financial Times) Ова ќе има ефект во светската економија.

Централната банка и владата се обидуваат да ја зголемат потрошувачката преку поттикнување на кредитите. Но овие мерки имаат мало влијание. Кина е среде криза на недвижнини, почнувајќи од Евергранд. Само минатата недела уште една компанија, Сунак, не го исплати својот долг. Овие мерки, кои се слични со мерките на Запад од пред две години, ќе имаат незначајно влијание врз кризата, а спремаат терен за полоша криза во иднина.

Во месец април, голем дел од производството во Кина беше отежнато поради строгите ковид мерки во Шангај, најголемото пристаниште на светот. Ова доведе до пониски цени за транспорт, но повисоки цени за сѐ друго.

Намалувањето на производството во Кина ќе доведе до недостиг на залихи и секаков вид суровини и потрошни добра, што ќе доведат до уште поголем притисок на светските пазарни цени. Се разбира дека во одреден момент карантините ќе бидат прекинати, но како што научивме изминативе неколку години, секакви проблеми се јавуваат кога се прекинуваат карантини. Капитализмот, поради неговата хаотична природа, едноставно нема капацитет за планирање во вакви услови, а владините интервенции се отапена алатка за решавање на проблемите.

## Закана за светската трговија

Со сите овие притисоци врз цените, централните банки нема да се во состојба да ја држат ситуацијата смирена. Уште позагрижувачки е тоа што пандемијата и тензиите помеѓу светските сили, со војната во Украина како кулминација, доведуваат до намалување на глобализацијата.

Лери Финк, извршен директор на најголемиот светски менаџер на имот Блекрок, предупредува на ова во неодамнешното писмо до акционерите: „Руската инвазија во Украина стави крај на глобализацијата што ја познававме изминативе три декади."

Уште од 1970тите инфлацијата се одржуваше во нормала, делумно благодарение на глобализацијата, како резултат на зголемената меѓународна поделба на трудот која ги држеше цените ниски. Ленин и Троцки објаснуваат дека постојат две бариери во развојот на економијата (производните сили) во капитализмот: приватната сопственост и националната држава. Втората пречка делумно беше надмината благодарение на глобализацијата. Масивни фабрики, како оние кои се изградија во источна Азија, кои имаат високо ниво на продуктивност, ги намалија цените на производите.

Глобализацијата ги намали цените на машините, а ја направи и попрофитабилна инвестицијата во механизација и други видови на направи кои го помагаат производството. ММФ смета дека намалувањето на царинските тарифи и другите трговски бариери се причина за 60 проценти пониски трошоци за машини споредено со потрошните добра.

Значи иако продуктивноста на трудот не е во толкав пораст колку што била во минатото, уште полошо би било без експанзија на светската трговија. Отворањето на светската трговија, она што буржоазијата го нарекува „глобализација", беше од исклучителна важност за одржувањето на економскиот раст, а одржувањето на инфлацијата на ниско ниво во минативе неколку декади, но тоа сега дојде до својот крај.

## Крајот на глобализацијата

Со обратниот тек на глобализацијата, компаниите согледуваат дека синџирите за снабдување се ранливи на, она што тие го нарекуваат, „геополитички ризици". Тоа се конфликтите кои ги прават големите империјалистички сили.

Како пример ја посочуваме германската



автомобилска индустрија, која мораше да затвори некои од производствените капацитети, затоа што имаше недостаток од кабли кои беа произведувани во Украина. Ова ги погоди Фолксваген, БМВ и производувачот на камиони МАН.

Европската унија и САД очајно бараат алтернативни извори на нафта, дизел и природен гас. Но тоа е многу тешко и ќе значи повисоки цени во периодот кој доаѓа.

Иако моментално сите се свртени кон Русија, главниот противник на американската буржоазија е Кина. Владејачката класа на САД сфати дека некои основни компоненти се произведуваат исклучиво во Кина и нејзината околина и преземаат мерки за намалување на зависноста од овие производи. Но овој процес на „отцепување“ од зависноста од кинеските производи не е ниту лесен ниту евтин.

**Незаменливиот литиум**

Како што сите се обидуваат полека да се префрлат кон употреба на електрични возила, се создава огромна дилема како да се дојде до потребните материјали за батериите, кои се најтешкиот дел за производство кај овие возила.

Во моментов Кина произведува 80 проценти од литиум хидроксидот, кој е основен елемент кај батериите. Иако самиот литиум најчесто се копа на други места, неговото рафинирање во најголем дел се одвива во Кина.

Прашањето кое автомобилските компании си го поставуваат е: што ако САД одлучи да стави санкции на Кина, како што тоа во моментов го прави со Русија? Како со тоа би се справиле производителите кои се зависни од литиум?

Во одговор на оваа неизвесност, западните компании создаваат сопствени капацитети за производство на литиум хидроксид. Една од поновите рафинерии се гради во Австралија, во областа во која се ископува литиумот – Квинана. Рафинирањето на литиум во Квинана ќе го заштити производството од геополитичкиот ризик.

Трговец од Редпоинт Инвестмент Менаџмент прокоментира за Фајненшел Тајмс:

„Самото тоа што некои од овие материјали ќе станат толку значајни, значи дека е потребна разновидност на понуди. Не можете да ризикувате само од едно место.“ Потоа продолжува:

„Тие ќе мора да работат под австралиските закони. Значи ако се наоѓа во Австралија, би го решиле проблемот од геополитички ризик.“

Периодов се најавува нов капацитет во Велика Британија како дополнување на планот за изградба на фабрики за батерии во Европа.

**Кој ги контролира микрочиповите**

Уште еден пример е производството на полуспроводници, од кои 75 проценти се произведуваат во Источна Азија, предводени од Тајван и Јужна Кореја, но сè повеќе и во Кина. Тајван произведува 90 проценти од најсовремените микрочипови.

Како што Кина сè повеќе го засилува влијанието во Јужнокинеското Море, така ја презема контролата врз највежните трговски рути за полупроводници. Било какви посериозни санкции или трговска војна помеѓу Кина и САД, може да доведе до прекин на снабдувањето со полупроводници, кои се есенцијални за белата техника, електрониката и возилата.

Ова доведе до обид на Западните власти да развијат свои капацитети за производство на микрочипови. Минатата година САД усвои „Закон за чипови“, а ЕУ тоа ќе го направи оваа година. Извршниот директор на Интел, Пет Гелсинџер неодамна изјави: „Сакаме целосно да го обновиме синџирот на залихи на американско тло“. (CSPAN архива)

Ова се совпаѓа и со изјавата на претседателот на САД, Џо Бајден, кој на 21 јануари годинава изјави: „Да можеме повторно да кажеме направено во Охајо, направено во Америка, тоа што можевме да го кажеме пред 25 – 30 години. За тоа се работи.“ (Забелешки од претседателот Бајден за зголемување на производството на полуспроводници и реизградба на синџирот за снабдување)

Ова е чист пример на протекционизам, а ќе направи хаос на светскиот пазар. Се разбира дека некои од овие сектори се соочуваат со

недостаток на залихи, но со ставање бариери и субвенционирање на домашни компании, владите и компаниите ќе ги зголемат цените на производството.

Преобликување на синџирот за снабдување неизбежно ќе доведе до покачување на цените на долг рок. Тоа е една од последиците од трговската војна со Кина, која започна под Трамп, а продолжува до ден денес. Беше забрзана прво од пандемијата, а сега и од војната во Украина и санкциите кои ја проследија.

Со промена на синџирот на снабдување од Русија и Кина, компаниите ја покачуваат цената на производите. Сепак, среде сè позатегнатите меѓународни односи, тие имаат многу малку избор.

### Цената на војната

Во вакви услови, владејачката класа сериозно им порачува на работниците дека наша должност е да ја направиме вистинската одлука и да ги продолжиме санкциите кон Русија. И Бајден и министерот за надворешни работи на Велика Британија, Трус, изјавуваат дека ќе мора да се плати некаква цена, но таа цена вреди да се плати. Се разбира, нема сами да ја платат.

Работниците еднаш ќе мора да ја платат цената на милијардите долари вредно оружје кои се истураат во Украина. Од нив ќе се побара да го платат енормното зголемување на домашната воена експанзија. Не постои бесплатен ручек, како што милуваат да кажат капиталистичките коментатори.

Но тоа не запира тука. Експанзијата на домашните воени капацитети само ќе ја влошат инфлацијата. Наместо ресурсите да се искористат во подигање на образовните стандарди, или инвестиции во нови машинерии, подобар јавен транспорт па дури и патишта, владата ќе мора да стави уште поголеми притисоци врз ограничениот пазар на суровини, за производство на скапи оружја. Во најдобар случај овие оружја се прескапи парчиња ѓубре, а во најлош ќе бидат употребени за убивање на работници и селани и уништување на фабрики и фарми. Далеку од решавање на економските



проблеми, ова само ќе ја влоши ситуацијата.

Во впечатлива статија за Фајненшел Тајмс, Мартин Сандбу обелоденува како размислува владејачката класа, но внимава да не го каже тоа прегласно. Спомнува дека луѓето нема да можат да купуваат здрава храна за своите деца, нема да можат да платат за енергенсите и ќе мора да се рационализираат некои основни намирници. Им предлага на политичарите да им објаснат на народот каков период нè чека и дека тоа е последица на војната (помеѓу другите работи), а потоа додава дека ова е „цената на слободата... платена од Украинците пред сè, но и од многу други". (Западните лидери мора да ја подготват јавноста за економска војна)

Со вакви сериозни изјави, многу работниците ќе се прашат дали некој ќе го побара нивното мислење? Дали здравјето на нивните деца, вреди да се жртвува на олтарот на империјалистичките амбиции на НАТО? Овие коментатори и политичари повторно кажуваат дека сите заедно сме во ова и дека најсилните мора најмногу да дадат. Но реалноста е дека тежината е далеку од правилно распределена. Несомнено е јасно дека цената на империјалистичките борби е платена од работниците и сиромашните, а не од никој друг и таа цена се зголемува секој ден.

### Новото нормално

„Претседателот Џеј Пауер ја нагласи важноста на мекото слетување. Патрик Хакер од филаделфиската Банка на Федерални Резерви, предупреди дека банката не треба да ја уништи економијата со тоа што ќе биде премногу



агресивна на инфлацијата. Претседателката на Сан Франциско Мери Дејли изјави дека Банката на Федераните Резерви треба да проектира крива така што инфлацијата ќе се врати на 2 проценти, пет години од сега, што имплицира дека таа е задоволна да биде пола декада над таргетот на Централната банка." (ФЕД ја промени својата порака, но не онака како што вие мислите, ФТ Алфавил)

Буржоазијата е сериозно загрижена околу инфлацијата која не можат да ја доведат под контрола. Моментално нема изгледи за брз повраток на инфлацијата на 2 проценти, а се смета таа да трае со години, а може и декади. Ова има силни последици по класната борба. Инфлација од 5-10 проценти брзо би ги трошела платите и би ја смалила реалната заработка. Тоа ќе претставува брз трансфер на парите, од џебовите на работниците кои ќе добиваат помалку за своите плати, во компаниите кои ќе наплаќаат повисоки цени.

Но не сите компании би имале бенефит туку само големите монополи. Тие ја имаат можноста да ги контролираат цените на нивните добавувачи, а во исто време да поставуваат цени кон потрошувачите, без притоа да бидат под ризик дека други компании ќе им бидат конкуренција. Губитник ќе биде работничката класа, само доколку не се изборат да ја одбранат куповната моќ на нивните плати. Затоа инфлацијата претставува готов рецепт за класната борба.

Симптоматично во периодот кој доаѓа е тоа што претседателот на Европската централна банка, Кристин Лагард, мораше да испрати меил до вработените во банката, аргументирајќи против врзувањето на зголемувањето на платите со инфлацијата (лизгачка скала на платите). Изјави дека „индексација на платите кон инфлацијата не е посакувана и не е предвидена." Очигледно, синдикатот кој ги претставува тие работници ја побарал токму таа индексација. (Лагард ја одбива молбата на вработените во банката за зголемување на платата во однос на зголемувањето на цените)

Лагард знае дека ова е актуелно прашање. Таа е целосно незаинтересирана за да постави пример за другите да го следат, бидејќи барања како овие се својствени за ситуацијата. Која е смислата за договор на 3, 4 или 5 проценти зголемување на платите, ако инфлацијата достигне раст од 8 проценти? Работниците ќе мора константно да ја следат ситуацијата, или нивната куповна моќ значително ќе се намали.

Овие инфлаторни притисоци ќе предизвикаат реакција не само кај работниците од развиените земји, туку и од милијардите сиромашни низ поранешните колонии, кои одвај можат да си дозволат храна. Движењата во Шри Ланка и Казахстан беа иницирани од драматичното зголемување на цените на живот. Ова нема да се единствени земји во кои ќе видиме вакви случувања.

Постојаната инфлација е знак дека капиталистичкиот систем е во длабока криза и дека не е способен да пронајде рамнотежа. Денес голем број земји се соочуваат со сè поголемата веројатност од висока инфлација и рецесија. Западните империјалисти, кои со ентузијазам сакаат Русија да изгуби во Украина, ќе се каат за своите постапки. Продолжувањето на војната ја прави ситуацијата од лоша во полоша. Инфлацијата ќе биде таа која ќе го поткопа и онака нестабилниот политички систем низ целиот свет.

Превод на: ***Crisis, protectionism and inflation: war prepares the way for revolution***

*https://www.marxist.com/crisis-protectionism-and-inflation-war-prepares-the-way-for- revolution.htm*

***мај 2022, Автор Никлас Албин Свенсон***




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:

**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејсбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:

**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

***Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!***

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА